Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-399/7
26-09-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-399 од 29.07.2022 поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, преку полномошник Адвокат [redacted] од Скопје, против Министерство за внатрешни работи на Р.С. Македонија за извршена дискриминација врз основ на лично својство во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 26.09.2022 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на лично својство во област работа и работни односи од страна на МВР врз [redacted] од Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На 29.07.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст Комисијата) беше поднесена претставка бр. 08-399/1 од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје преку полномошник Адвокат [redacted] од Скопје, седиште [redacted] Скопје против Министерство за внатрешни работи ( во понатамошниот текст МВР ) на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основ на лично својство во област работа и работни односи.

Подносителот во претставката наведува дека е вработен во МВР, а во периодот 04.12.2016 до 06.04.2022 му мирувале правата и обврските од работниот однос со МВР, бидејќи бил избран на позиција набљудувач во Специјалната набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина. Ангажманот на подносителот во Украина завршил на 31.05.2022 и во законски утврдениот рок тој поднел барање до МВР да се врати на соодветно работно место согласно неговата подготовка и работно искуство. МВР со решение бр. 226-62366/1 од 15.06.2022 го враќа подносителот на претставката на работа и го распределува на работно место главен аналитичар за статистичко истражување и документирање, Категорија Д, ниво Д1 во единица за криминалистичко разузнавање и анализа, Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Биро за јавна безбедност при МВР. За ова работно место е предвиден статус на овластено службено лице. Согласно тврдењата во претставката, подносителот пред мирувањето на работниот однос во текот на целиот свој работен век во МВР работел на работни места со статус на полициски службеник.

Дополнително, подносителот наведува неговите колеги [redacted], [redacted], кои биле исто така на позиција набљудувач во Специјална набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина, по мирување на работниот однос се вратени на работа кај тужениот МВР и распоредени на работни места со статус на полициски службеници. Истите колеги и пред мирувањето на работниот однос работеле на работни места со статус на полициски службеници. Подносителот смета дека со промената на статусот во овластено службено лице [redacted] нема повеќе полициски овластувања согласно Законот за полиција, не може да конкурира и напредува во својата кариера на работни места со статус на полициски службеник, ниту да конкурира за работа согласно чл. 50 од Законот за кривична постапка, како полициски службеник со полициски овластувања. Со ваквото распоредување му се одземени сите полициски овластувања на споменатиот, а утврдени со член 28 од Законот за полиција.

Заради наведеното подносителот смета дека е ставен во понеповолна положба во споредба со именуваните колеги, односно дека врз него е извршена дискриминација врз основ на лично својство во област работа и работни односи од страна на МВР.

На 05.08.2022 година Комисијата согласно член 24, став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Известување со бр 08-399/2 до МВР, со барање за писмено произнесување по наводите од претставката.

На 02.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за изјаснување од страна на потенцијалниот дискриминатор, заведен под архивски број 08-399/3.

Во произнесувањето потенцијалниот дискриминатор тврди дека постапката за враќање на работа на [redacted] и негово распоредување на работно место во Министерството за внатрешни работи е спроведена во согласност со член 152 став 1 од Законот за работни односи, согласно која одредба Министерството нема обврска да го распореди именуваниот работник на работното место со статус на полициски службеник, туку единствено има обврска да го врати на работа за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

„На работник кој е упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование во согласност и за потребите на работодавачот, му мирува работниот однос и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка."

Во овој конкретен случај [redacted] има VII степен – Воена академија и истиот по претходно поднесено барање од негова страна со кое бара да му престане мирувањето на работниот однос во министерството односно да се врати на работа на соодветно работно место согласно неговата стручна подготовка и работно искуство, со решение бр. 22.6 – 62366/1 од 15.06.2022 година е распореден на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, односно работно место главен аналитичар за статистичко

истражување и документирање во Единица за криминалистичко разузнавање и анализа, Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа, ОСОСК, сметано од 17.06.2022 година. Имајќи ја во предвид потребата на МВР од пополнување на работните места во Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа и обемот и сложеноста на работата и задачите од делокругот на надлежностите на истата, [redacted] е распореден на работно место со статус на овластено службено лице, односно работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка.

Дополнително, МВР во дописот за произнесување по претставката појаснува дека сите вработени во МВР се овластени службени лица, со таа разлика што вработените кои се распределени на работни места со статус на полициски службеници имаат право да применуваат полициски овластувања во споредба со вработените кои се распределени на работни места со статус на овластени службени лица.

Со цел добивање дополнителни информации за целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Лимко Бејзароски, на 15.09.2022 изврши непосреден увид во просториите на Министерството за внатрешни работи, каде побара да му се доставаат копии од моменталните решенија за работа и решенијата за работа пред одењето на Специјална набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина на овластените службени лица [redacted], кои во конкретниот случај служат како компаратор за утврдување на дискриминација.

На 23.09.2022 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен допис со информации за решенијата за работа на службените лица [redacted]. Согласно добиените информации, именуваните службени лица пред заминувањето на Специјална набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина, биле распределени на следниве работни позиции:

- [redacted], началник на Единица за криминалистичко разузнавање и анализа; Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа; Одделение за сузбивање на организиран и сериозен криминал.
- [redacted], началник на Единица за стратешка анализа, Сектор за стратешка анализа и извештаи, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.
- [redacted] главен оперативен работник во Одделение за лично обезбедување на министри, поранешни претседатели на РМ и други личности, Сектор за обезбедување на личности, Оддел за заштита на определени личности и објекти.
- [redacted], самостоен инспектор за прекугранична соработка во Регионален центар за гранични работи Север.
- [redacted], самостоен инспектор за прекугранична соработка во Регионален центар за гранични работи Југ.

Видно од добиените информации, пред заминувањето на специјалната набљудувачка мисија службените лица [redacted] биле распределени на работни места со статус на полициски службеници, а службеното лице [redacted] бил распределен на работно место со статус овластено службено лице.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно информациите од истиот допис, по враќањето од Специјална набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина, именуваните биле распределени на следниве работни позиции:

- [redacted], главен аналитичар за статистичко истражување и документирање во Единица за криминалистичко разузнавање и анализа, Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа, Одделение за сузбивање на организиран и сериозен криминал.
- [redacted], главен аналитичар за стратешка анализа во Единица за стратешка анализа, Сектор за стратешка анализа и извештаи, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.
- [redacted], виш оперативен работник во Одделение за обезбедување на министерства, Сектор за обезбедување на објекти од државен интерес, Оддел за заштита на определени личности и објекти.
- [redacted], самостоен инспектор за прекугранична соработка во Регионален центар за гранични работи Север.
- [redacted] самостоен инспектор за прекуграничен криминал и миграции Гевгелија во Одделение за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија, Регионален центар за гранични работи Југ.

Видно од наведените информации, подносителот [redacted] е единственото овластено лице од сите горе именувани кое по враќањето од Специјалната набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина било го изгубило статусот на полициски службеник, кој го имал пред заминувањето на мисијата.

Ценејќи ги наводите на подносителот од претставката, доказите кон претставката и наводите од поднесокот за произнесување од потенцијалниот дискриминатор, Комисијата утврди дека при враќањето на работа на подносителот на претставката, тој е ставен во споредба со останатите колеги кои имале статус на полициски службеници, а кои биле испратени на Специјална набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина и чии работни односи биле ставени во мирување. Имено, подносителот на претставката е единствениот вработен во Министерството за внатрешни работи од посочената група на службени лица, кој пред одењето на специјалната набљудувачка мисија бил распределен на работно место со статус на полициски службеник, а по враќањето не бил распореден на работно место со статус полициски службеник. Со ваквото распоредување само на подносителот му се одземени сите посебни должности и овластувања согласно чл. 35 од Законот за внатрешни работи, одземени му се сите полициски овластувања утврдени со чл. 28 од Закон за полиција, тој е оневозможен да конкурира за работа согласно чл. 50 од Законот за кривична постапка како полициски службеник со полициски овластувања, а воедно со одземањето на статусот полициски службеник, подносителот е распределен на работно место со пониска месечна плата од работното место на кое работел пред одењето на Специјалната набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина.

Со ваквото решение за распоредување Министерството за внатрешни работи го довело подносителот на претставката во понеповолна положба од неговите колеги кои биле на Специјалната набљудувачка мисија на ОБСЕ во Украина, односно извршило директна дискриминација врз основа на лично својство во областа на работата и работните односи, во смисла на чл. 3, 5, 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во таа насока, Комисијата одлучувајќи како и во диспозитивот на мислењето, во согласност со членот 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел да се отстрани утврдената повреда и можните последици од истата, ја дава следната

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи да донесе ново решение за распоредување на подносителот [redacted] на работно место со статус полициски службеник, кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за внатрешни работи во иднина да се воздржи од дискриминација врз основа на лично својство и било која друга дискриминаторска основа при распределувањето на работни места на овластените службени лица.

НАПОМЕНА: Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
26.09.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

[redacted]

- Министерство за внатрешни работи ул. Димче Мирчев бр. 9 Скопје